Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016) и врз основа на член 5 став 2 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.140/2014), постапувајќи по барањето на "РОЈАЛ СОЛУТИОНС" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје Подружница "УПРАВИТЕЛ ПЛУС" Скопје, за продолжување на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 13-03-2018 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА
## ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ
## НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На "РОЈАЛ СОЛУТИОНС" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје Подружница "УПРАВИТЕЛ ПЛУС" Скопје, му се продолжува лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За продолжување на лиценцата од став 1 фирмата "РОЈАЛ СОЛУТИОНС" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје Подружница "УПРАВИТЕЛ ПЛУС" Скопје, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

“РОЈАЛ СОЛУТИОНС” ДООЕЛ увоз-извоз Скопје Подружница “УПРАВИТЕЛ ПЛУС” Скопје, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање бр.08-135/1 од 07.03.2018год. за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација во Централниот регистар на РМ со минимален паричен влог од 5000 евра во денарска противвредност
- Доказ за осум вработени лица (М1 и М2 образец за еден дипломиран економист, три дипломирани правници, три лица со средно образование и едно лице работник без занимање)
- Изјава за веродостојност на податоците

Поднесеното барање со приложената потребната документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека “РОЈАЛ СОЛУТИОНС” ДООЕЛ увоз-извоз Скопје Подружница “УПРАВИТЕЛ ПЛУС” Скопје, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010 бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016).

На ден 13.03.2018г.Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на “РОЈАЛ СОЛУТИОНС” ДООЕЛ увоз-извоз Скопје Подружница “УПРАВИТЕЛ ПЛУС” Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 08-135/2

Од 13.03.2018год.

Скопје

Претседател на

Регулаторна комисија за домување

Д-р Ракип Малоски